Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 151/0306
26.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.06.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР Центар“ ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

**„Фактор.мк“ во објавата „На крајот од месецот парада на гордоста во Скопје: Гласни и горди“, не го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 5 јуни 2023 година, „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за објавата „На крајот од месецот парада нагордоста вос Скопје: Гласни и горди“, објавена на 4 јуни 2023 година, на интернет порталот Фактор.мк, (www.faktor.mk.)

Во жалбата се наведува дека со објавувањето на оспорената содржина, во коментарите на Фејсбук страницата на интернет порталот има елементи на дискриминација.

Исто така, жалителот потенцира дека со коментарите со навредлива и дискриминаторска содржина, недозволиво е медиумите да дозволат да бидат злоупотребени и да послужат како средство за ширење омраза, дискриминација врз основа на сексуална ориентација, итн.

Воедно, жалителот укажува дека со тоа што медиумот остава простор да има коментари со содржини во кои има елементи на говор на омраза, дискриминација и друго, се дозволува медиумската публика преку коментари да носи „вредносни“ судови кои не се засновани на факти, туку се резултат на предрасуди.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Фактор.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од медиумот се истакнува следново:
„Ние се извинуваме, меѓутоа сметаме дека веста што ние ја објавивме не е спорна, напротив, сметаме дека сме еден од медиумите што генерално известија за настанот. Како медиум, секогаш сме ориентирани кон тоа секој да добие свој простор, меѓутоа не можеме да бидеме постојано на социјалните мрежи и да следиме кој што коментира, со оглед на тоа што, коментари пристигнуваат постојано и во текот на ноќните часови.

За да ја покажеме добрата волја, целосно го избришавме постот на Фејсбук, меѓутоа сметаме дека од тој аспект немаме никаква вина. Не сме наведувале на навредливи коментари, ниту пак сме медиум што ги поддржува. Ја прифаќаме жалбата, го избришавме постот, подготвени сме на соработка за се што треба во иднина.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, дотолку што, медиумот реагирал дополнително и согласно барањата од жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28 јуни 2023 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Мнозинството членови на Комисијата сметаа дека нема ништо спорно во објавата на интернет порталот.

Што се однесува до коментарите на социјалните медиуми тие навистина содржат дискриминаторски говор и говор на омраза но медиумот после жалбата го избриша постот, се извини и искажа спремност за соработка во иднина. Мнозинството на членови истакнаа дека не подржуваат бришење постови на социјални медиуми бидејќи со тоа медиумите губат дел од својата публика, но сепак ја поздравија спремноста на медиумот за соработка.

На расправата беше истакнато дека подобра пракса би била, под секоја објава медиумот да стави изјава дека говорот на омраза и дискриминаторскиот говор нема да се толерира и дека таквите коментари ќе бидат отстранети, доколку има таква опција да се користат филтри за автоматско отстранување на коментари кои содржат погрдни зборови, редовно да ги отстрануваат коментарите кои содржат говор на омраза и дискриминаторски говор, но ако не можат да го прават тоа редовно, тогаш би било подобро да не се дозволи опцијата за коментари од читателите на социјалните медиуми.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595